ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-789/1
Прилеп 13.04 2022 год.

ОД:
**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп**
ул. Прилепски Бранители бр.85, Прилеп
ЕМБС: 4018117, ЕДБ: 4021949119965

ДО:
**Субјектите на лични податоци и други заинтересирани страни**

**Датум 13.04.2022 година**

**Предмет:** Известување согласно член 41 став 1 и 7 од Законот за заштита на личните податоци

**Почитувани,**

согласно член 41 став 1 и став 7 од Законот за заштита на личните податоци (Сл.Весник на РСМ бр.42/2020 година), Ве известуваме дека **ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп** именуваше Офицер за заштита на личните податоци. Ова именување на Офицер за заштита на лични податоци е извршено заради усогласување на работењето на Контролорот согласно одредбите од претходно споменатиот закон. Офицерот е именуван со одлука на Генералниот извршен директор на Контролорот, која Ви ја доставуваме во прилог.

За Офицер за лични податоци на Контролорот е именувана Маја Кареско. Офицерот за заштита на личните податоци е вработена кај Контролорот и распоредена на работно место "Правен референт - сениор".

Офицерот за заштита на личните податоци на Контролорот можете да го контактирате директно на телефонскиот број 075-358-486 или преку електронска пошта на адреса: **dpo@tkprilep.com.mk**.

Доколку имате дополнителни прашања можете слободно да не контактирате.

Прилог:
-Одлука за определување на Офицер за заштита на лични податоци бр.02-752/1 од 06.04.2022 година донесена од Генерален извршен директор на Тутунски Комбинат АД Прилеп.

Со почит

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп**
Генерален извршен директор
Кире Станкоски

-----------------------------------

Тутунски Комбинат
Прилеп
7
АД-Прилеп со П.О.

ТУТУНСКИ КОМБИНАТ
АД-ПРИЛЕП СО П.О.
Бр. 02-752/1
Прилеп 06.04.2022 год.

Врз основа на член 99 став 2 алинеа 8, алинеа 11 и алинеа 15 од Статутот на ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп (во понатамошен текст Друштвото), а во врска со член 41 од Законот за заштита на личните податоци (Сл.Весник на РСМ бр.42/2020) Генералниот извршен директор на Тутунски Комбинат АД Прилеп на ден 06.04.2022 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**За определување на Офицер за заштита на лични податоци**

**Член 1**
Се определува овластено лице за заштита на личните податоци на Тутунски Комбинат АД Прилеп (Офицер за заштита на личните податоци).

**Член 2**
За Офицер за заштита на личните податоци се определува лицето Маја Кареска со м.бр.139599 вработена во Тутунски Комбинат АД Прилеп, распоредена на работно место "Правен референт-сениор" во Биро на Генерален директор.

**Член 3**
Офицерот за заштита на личните податоци ќе ги врши работите предвидени во член 43 од Законот за заштита на личните податоци (Сл. Весник на РСМ бр.42/2020).

**Член 4**
Контакт податоците на Офицерот за заштита на личните податоци ќе се објават на официјалната интернет страница на Тутунски Комбинат АД Прилеп и за неговото именување ќе се извести Агенцијата за заштита на личните податоци.

**Член 5**
Оваа Одлука стапува на сила и се применува од денот на нејзиното донесување.

**Член 6**
Со стапување на сила на оваа одлука престанува да важи решението за определување Офицер за заштита на лични податоци бр.0204-2615/1 од 19.09.2018 год.

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Прилеп**
Генерален извршен директор
Кире Станкоски

„Тутунски Комбинат" АД-Прилеп со П.О. Прилеп 7

Доставено до:
Именуваната
Генерален извршен директор
Правен референт - супервизор
Служба за човечки ресурси
Архива